20252605032

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 став 8 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАСПРЕДЕЛБА И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Со оваа програма средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Раздел 13001-Министерство за транспорт, Програма 2-Сообраќај и комуникации, Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 482-Други градежни објекти, во износ од 60.000.000,00 денари, се распределуваат за следната намена:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Општина Кочани | |
| 1.1.1 | Изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“ и дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1“ во Кочани (јужен булевар влез од кај Грдовци) Општина Кочани | 35.000.000,00 денари |
| 1.1.2 | Изградба на мост на Кочанска река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во Општина Кочани | 5.000.000,00 денари |
| | ВКУПНО: | 40.000.000,00 денари |
| 1.2 | Општина Зрновци | |
| 1.2.1 | Реконструкција на општинските улици: дел од ул. „Илија Танев“ и дел од ул. „Димчо Петров“ во с. Randbemerkung Мородвис, Општина Зрновци и Реконструкција на локален пат с.Видовиште до гробишта и крак с.Видовиште до м.в. „Крстот“, с. Видовиште, Општина Зрновци | 4.200.000,00 денари |
| | ВКУПНО: | 4.200.000,00 денари |
| 1.3 | Општина Гевгелија | |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3.1 | Реконструкција на главна улица во с.Моин, Општина Гевгелија, Реконструкција на улица „Атанас Ѓуров“ во с. Прдејци, Општина Гевгелија и Реконструкција на улица „Иван Марков Братот“ Богородица, Општина Гевгелија | 12.000.000,00 денари |
| | ВКУПНО: | 12.000.000,00 денари |
| 1.4 | Општина Сопиште | |
| 1.4.1 | Реконструкција на ул.6 во с.Горно Соње, Општина Сопиште | 3.800.000,00 денари |
| | ВКУПНО: | 3.800.000,00 денари |
| | ВКУПНО СРЕДСТВА ЗА СИТЕ ОПШТИНИ: | 60.000.000,00 денари |

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за реализација на проектите од сообраќајната инфраструктура од потточките 1.1.1, 1.1.2, 1.2.1, 1.3.1 и 1.4.1 од оваа програма.

3. Реализацијата на средствата од точка 1 потточките 1.1.1, 1.1.2, 1.2.1, 1.3.1 и 1.4.1 од оваа програма ќе се врши по претходно спроведена постапка за јавна набавка, врз основа на склучен договор и доставена финансиска документација за исплата.

4. Исплатата на средствата од точка 1 од оваа програма ја врши Министерството за транспорт, по претходно доставени барања со комплетна и заверена документација за наменско користење на средствата од страна на изведувачите на работите и вршителите на услуга, по претходно извршена контрола на изведените работи од страна на Министерството за транспорт.

5. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 50-11691/6
23 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.